ЗЕЛС

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС
## за период од 01.01-31.12.2018 година

Скопје, март 2019 година

**Состојба на средствата и обврските на ден 31-12-2018 година**

| **СРЕДСТВА** | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Градежни објекти, опрема , возила | 44.531.446,00 | 46.423.903,00 |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од купувачи | 48.040.538,00 | 48.888.828,00 |
| Други побарувања | 0,00 | 2.616,00 |
| Побарувања за повеќе платени даноци | 41.747,00 | 0,00 |
| Останати средства и АВР | 85.145,00 | 8.396,00 |
| Парични средства | 67.352.371,00 | 67.826.995,00 |
| Останати вложувања | 9.230.000,00 | 7.000.000,00 |
| | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **169.281.247,00** | **170.150.738,00** |
| | | |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | |
| Деловен фонд | 44.531.446,00 | 46.423.903,00 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите – добивката | 74.671.687,00 | 74.276.334,00 |
| | | |
| Нето добивка | 2.014.203,00 | 395.353,00 |
| | | |
| Тековни обврски | | |
| Обврски кон добавувачи | 265.460,00 | 380.542,00 |
| Други краткорочни обврски | 56.853,00 | 33.604,00 |
| ПВР | 47.741.598,00 | 48.641.002,00 |
| | | |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | **169.281.247,00** | **170.150.738,00** |

**Биланс на приходи и расходи за период од 01-01 до 31-12-2018 година**

| **А. ПРИХОДИ** | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Приходи од членарина , Закуп и услуги | 20.621.369,00 | 14.161.068,00 |
| Приходи од донации | 2.112.022,00 | 2.151.650,00 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 401.966,00 | 119.433,00 |
| | | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 23.135.357,00 | 16.432.151,00 |
| | | |
| **Б. РАСХОДИ** | | |
| | | |
| Материјални расходи , енергија и услуги | 6.518.734,00 | 4.727.248,00 |
| Трошоци за собрание, конференции, Семинари и обуки | 1.329.554,00 | 280.880,00 |
| Трошоци за дизајн , печатење | 865.473,00 | 338.360,00 |
| Трошоци за интелектуални услуги, Надокнада за елеборати, ревизори, Експерти, нотарски услуги | 431.733,00 | 278.796,00 |
| Трошоци за меѓународна соработка , членување во меѓународни организации, | 698.779,00 | 543.574,00 |
| Набавка на опрема и софтвер | 568.200,00 | 118.345,00 |
| Трошоци за вработени | 9.994.991,00 | 8.849.731,00 |
| Даноци кои независат од резултатот, Негативни курсни разлики , Адм. такси, трошоци по пресуда | 422.031,00 | 574.182,00 |
| | | |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | 20.829.495,00 | 15.711.116,00 |
| **Остварен вишок на приходи** | 2.305.862,00 | 721.035,00 |

Финансиските извештаи се составени во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководството на непрофитните организации, Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации.

**Основни средства**

Основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност, а се ревалоризираат со пропишаниот коефициент на пораст на цените на индустриските производи. Заради негативниот годишен коефициент, во 2018 година не се изврши ревалоризација на основните средства, освен за новонабавените основни средства во текот на годината, за кои месечниот коефициентот беше позитивен.

Амортизацијата се пресметува по стапки пропишани со закон , за секое поединечно основно средство.

Намалувањето на вредноста на билансната позиција постојани средства во 2018 година во однос на 2017 година и покрај новонабавените во текот на 2018 година, се должи на губење на вредноста на основните средства заради законски пресметаната амортизација, која во 2018 година изнесува 2.460.665,00 денари, како и извршениот отпис на основни средства заради застареност и нефункционалност на средствата.

**Тековни средства**

**Побарувања од купувачи**

Билансната позиција побарувањата од купувачи, која опфаќа побарување по основ на ненаплатена членарина , како и други побарувања од општините, изнесува 48.040.538,00 денари. Побарувањата по основ на членарина за тековната 2018 година, како и за изминатите години, изнесуваат 45.771.250,00 денари. Останатите побарувањата во износ од 2.269.284,00 денари, потекнуваат од изминатите години и се однесуваат на побарувања за одржани обуки. Побарувањата од закуп на деловен простор, а кои произлегуваат од договорот за закуп склучен во 2009 година со општина Карпош, заклучно со 31 декември 2018 година изнесуваат 1.031.344,00 денари.

На билансната позиција активни временски разграничувања се евидентирани обврските спрема добавувачи кои не се платени до 30 јануари 2018 година и истите изнесуваат 85.145,00 денари.

**Парични средства**

Паричните средства вклучуваат готовина во благајна и парични средства на сметките во комерцијалните банки. Паричните средства во странска валута се искажуваат по курс на Народна банка на денот на билансирањето .

Трансакциите направени во странски средства за плаќање , се пресметуваат во денари на денот на настанот . Курсните разлики настанати во текот на годината се искажуваат во билансот на успех како приходи и расходи .

**Останати вложувања**

Краткорочните финансиски вложувања се состојат од орочен денарски депозит во домашни комерцијални банки во износ од 9.230.000,00 денари.

**Извори на средства**

Обврските спрема добавувачи во износ од 265.460,00 денари, претставуваат обврски кое се платени во текот на јануари 2019 година, со исклучок на обврската во износ од 85.145,00 денари. На билансната позиција други краткорочни обврски се евидентирани обврските по данок на добивка за месец декември 2018 година во износ од 27.873,00 денари и данок на додадена вредност за четвртото тримесечие од 2018 година, во износ од 28.980,00 денари. Овие две законски обврски се платени во 2019 година, согласно рокот за плаќање на обврската.

Пасивните временски разграничувања претставуваат одложени приходи како резултат на настанатите побарувања по основ на членарина, закупнина и обуки кои не се наплатени до 30 јануари 2019 година и истите изнесуваат 47.741.598,00 денари.

Деловниот фонд е траен извор на средствата и соодветствува со износот на основните средства. Вишокот на непотрошените средства од изминатите години, а кои се наменети за извршување на активностите согласно стратешкиот план за ЗЕЛС, се евидентирани на билансната позиција нераспределен дел од вишокот на приходите и истите изнесуваат 74.671.687,00 денари.

**Приходи и расходи**

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации и здруженија се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени. Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени значи приходите да се признаваат во пресметковниот период според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно, а се расположливи ако се остварени во пресметковниот период или 30 дена по истекот, но се однесуваат на пресметковниот период и служат за покривање на трошоците од тој пресметковен период. Според ова начело расходите се признаваат во пресметковниот период или 30 дена по истекот, под услов обврската за плаќање да настанала во тој период.

Во периодот од 01.01-31.12.2018 година ЗЕЛС го оствари следниот финансиски резултат :

| | |
|---|---|
| 1. Остварени приходи | 23.135.357,00 |
| 2. Остварени расходи | 20.829.495,00 |
| 3. Остварен вишок на приходи | 2.305.862,00 |
| 4. Остварени вишок на приходи –нето | 2.014.203,00 |

Остварениот вишок на приходи во износ од 2.014.203,00 денари, се пренесува во идната година и ќе служи за финансирање на планираните активности на Зелс.

ЗЕЛС своите активности ги финансира од членарина , сопствени приходи и донации. Приходите по основ на членарина се наплаќаат од општините, а се пресметуваат врз основа на Одлука за утврдување на износот и методологијата за пресметка на годишната членарина, во согласност на бројот на жители по општини.

Приходите од извршени услуги се однесуваат на приходи од закупнини, кои се стекнати со давање под закуп на дел од сопствените простории и изнајмување на Зелс тренинг центарот, како и приходи кои се остварени од спроведени обуки за претставниците на општинската администрација. Имено, за прв пат по 2011 година, во три сесии, во месеците јануари, април и септември 2018 година, по објавен јавен повик, во Зелс тренинг центарот се спроведе почетна обука и полагање на испит за стекнување со

овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија. Надоместокот за обуката е пресметан согласно Одлуката за утврдување на надоместоците за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки согласно со Законот за градежно земјиште.

Приходите од донации се наменски средства за однапред договорени активности .

Активностите на ЗЕЛС кои се одвиваа во текот на 2018 година, се финансирани од следниве извори:

- членарини од општините,
- приходи од извршени услуги,
- донации

Приходите од членарина во 2018 година изнесуваат 17.550.463,00 денари што претставува зголемена наплата за 76,5% повеќе од наплатената членарина во 2017 година. Наплатената членарина која се однесува за 2018 година изнесува 9.347.130,00 денари и претставува 57,8% од вкупната годишна членарина. Во 2018 година значително е зголемена наплатата на членарина од минатите години, кога е остварен приход од 8.203,333,00 денари или 163,8% повеќе во однос на 2017 година. Ваквиот забележителен раст е резултат на активностите на ЗЕЛС за пораст на наплатата преку дадената можност за плаќање на заостанатиот долг на рати. Во текот на 2018 година , 14 општини, со вкупен долг во износ од 15.044.685,00 денари, имаат потпишано нови спогодби за отплата на рати на долгот по основ на членарина.

Приходите од извршени услуги и издавање под закуп на деловен простор, наплатени во 2018 година, изнесуваат 3.070.906,00 денари. Дел од овие приходи во износ од 178.860,00 денари, претставуваат приходи од минати години по основ на закуп на деловен простор, а кои се наплатени во 2018 година. Надоместокот за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки, согласно со Законот за градежно земјиште, изнесува 2.850.051,00 денари. Останатиот дел од приходите се остварени од услуги во Зелс тренинг центарот.

Во извештајниот период приходите од камати продолжуваат да се намалуваат, како резултат на трендот на намалување на каматите на депозитите во банкарскиот сектор. Во споредба со 2017 година кога нето ефектот од курсните разлики беше негативен, во 2018 година, заради пораст на курсот на американскиот долар, приходите од курсни разлики се зголемени. Во 2018 година ЗЕЛС оствари приходи во износ од 147.000,00 денари врз основа на Уредба за тековно одржување на софтверска апликација, што претставува зголемување од 88,5% во споредба си мината година.

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

### Структура на приходите остварени во 2018 година

| Приходи според извори | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 17,550,463.00 | 75.86 |
| Приходи од донации | 2,112,022.00 | 9.13 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 401,966.00 | 1.74 |
| Приходи од извршени услуги | 3,070,906.00 | 13.27 |
| Вкупно | 23,135,357.00 | 100.00 |




Приходите од донаторите се наменски средства добиени за однапред договорени активности кои вработените во ЗЕЛС, заедно со своите членки, успешно ги реализираа и во изминатава година.

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ДОНАТОРИ ВО 2018 ГОДИНА**

| ДОНАТОР | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| UN Women – Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и локални претставници за родово одговорно буџетирање-ДЕЛ II | 902,213.00 | 42.72 |
| UNDP- Проект Зајакнување на општинските совети | 567,760.00 | 26.88 |
| NALAS | 368,960.00 | 17.47 |
| NALED | 71,334.00 | 3.38 |
| GIZ - ORF SEE EE проект Одржлива урбана мобилност во РМ | 184,815.00 | 8.75 |
| КОЖУВЧАНКА Доо Кавадарци | 16,940.00 | 0.80 |
| Вкупно | 2,112,022.00 | 100.00 |




Проектот„Зајакнување на капацитетите на општинските службеници и на локални претставници за родово одговорно буџетирање“ кој беше продолжен со нов договор во 2017 година, заврши во јуни 2018 година. . Целта на проектот беше подигнување на прашањето на родовата политика на повисоко ниво, во насока на применување на принципите на родовата еднаквост и родово одговорно распределување на средствата во буџетот. Овој проект е поддржан од UN Women – Канцеларија во Скопје, тело на Обединетите нации.

Проектот Зајакнување на општинските совети, започна да се реализира во октомври 2016 година. Проектот е поддржан од UNDP- Канцеларија во Скопје. Времетраењето на проектот е до јуни 2020 година , а вкупниот буџет изнесува 54.000,00 долари.

И во 2018 година ЗЕЛС продолжи со активностите за размена на искуства помеѓу асоцијациите во Југоисточна Европа. Проектот е поддржан од НАЛАС. Годишниот буџет изнесува 6.000,00 евра.

Во 2018 година е потпишан договор за реализирање на активности на проектот “Развивање на партнерство со приватниот сектор во BFC SEE општините и градовите”, со Националната Алијанса за локален економски развој -НАЛЕД Белград. Целта на проектот е обезбедување на стручна поддршка на BFC SEE општините од страна на BFC SEE мрежата на партнери, за осмислување и спроведување на развојни партнерства со приватниот сектор.

Во 2018 година ЗЕЛС го реализира проектот ORF SEE- EE-Одржлива урбана мобилност во Република Македонија. Проектот со вкупен буџет од 184.815,00 денари беше поддржан од GIZ Office Skopje.

Во 2018 година ЗЕЛС и Кожувчанка Доо Кавадарци, склучија и го реализираа договорот за поддршка на активностите на ЗЕЛС преку донирање на добра од сопственото производство на Кожувчанка Доо Кавадарци. Вредноста на донацијата од 190 литри газирана и 580 литри негазирана вода, е во износ од 16.940,00 денари.

Во 2018 година, ЗЕЛС оствари вкупен приход во износ од **23.135.357,00** денари, што претставува зголемување од 40.8% во споредба со 2017 година. Од вкупниот приход надоместени се расходите за работењето во износ од **20.829.495,00** денари. Вкупните расходи се зголемени за 32,6% во споредба со минатата година. Овој релативен пораст на приходите и на расходи од работењето, се должи на зголемената активност на ЗЕЛС во 2018 година, во споредба со 2017 година, која беше година на намалена активност заради локалните избори, чие спроведување, заради политичката состојба, се продолжи до четвртото тримесечие од 2017 година.

Вкупниот приход покажува раст повисок од растот на вкупните трошоци, што се должи на напорите на ЗЕЛС за зголемување на приходите по сите основи, како и економично и рационално трошење на средствата.

## Структура на расходите во 2018 одина

| | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 245,993.00 | 1.18 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 888,952.00 | 4.27 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 907,736.00 | 4.36 |
| Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки | 4,076,302.00 | 19.57 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 865,473.00 | 4.16 |
| Услуги за превоз | 53,375.00 | 0.26 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 6,963.00 | 0.03 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 172,259.00 | 0.83 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,329,554.00 | 6.38 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 130,336.00 | 0.63 |
| Банкарски трошоци | 36,818.00 | 0.18 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 431,733.00 | 2.07 |
| Трошоци за меѓународна соработка( членарина, котизација ) | 544,661.00 | 2.61 |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци за службен пат (трошоци заноќевање, патни сметки , авио билети) | 154,118.00 | 0.74 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 9,994,991.00 | 47.98 |
| Набавка на опрема и софтверски апликации | 568,200.00 | 2.73 |
| Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, трошоци по пресуда | 422,031.00 | 2.03 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 20,829,495.00 | 100.00 |




Трошоците за материјали, енергија и услуги, се направени за нормално извршување на активностите предвидени со акцискиот план на ЗЕЛС за 2018 година. Тие зафаќаат 31,3% од вкупно направените трошоци во 2018 година. Во номинален износ овие трошоци се зголемени за 37,9% во споредба со минатата година и истите изнесуваат 6.518.734,00 денари. Во рамките на оваа група на трошоци, трошоците за одржување на системот на е-услуги зафаќаат 62,5% и се зголемени за 63,1% во однос на минатата година. Ваквиот пораст на овие трошоци се должи на фактот што Зелс стана сопственок и на информацискиот систем е-градежно земјиште. Имено, во март 2018 година Министерството за транспорт и врски на ЗЕЛС му го предаде правото на трајно користење, управување, одржување и понатамошна тековна надградба на информацискиот систем е-градежно земјиште. Вкупните средства кои ЗЕЛС во 2018 година ги издвои за тековно

одржување на софтверите за електронско издавање на одобренија за градба, услуги за одржување на инфраструктурата на клауд системот, како и тековно одржување на софтвер за градежно земјиште, изнесуваат 4.076.302,00 денари.

Трошоците за дизајн и печатење на извештаи и ЗЕЛС гласило, во 2018 година изнесуваат 865.473,00 денари. Тие учествуваат со 4,2% во вкупните трошоци.

Трошоците за организирање на Годишно собрание на ЗЕЛС, за одржани конференции, семинари и обуки, во 2018 година изнесуваат 1.329.554,00 денари и зафаќаат 6,4% од вкупните трошоци. Овие трошоци се значително зголемени во споредба со 2017 година и заради зголемениот број обуки и настани организирани за реализирање на проектни активности.

Трошоците за интелектуални услуги изнесуваат 431.733,00 денари зафаќаат 2,00% од вкупно направените трошоци во 2018 година. Во рамките на овие услуги значајна ставка зафаќаат трошоците за надомест на експерти за реализираните проектни активности. Во оваа група на трошоци спаѓаат и трошоците направени за изготвување на ревизорски извештај и трошоци за елаборат за заштита при работа.

Трошоците за меѓународна соработка опфаќаат трошоци околу членувањето на ЗЕЛС во меѓународни здруженија, како и трошоци за службени патувања во странство, заради учество на меѓународни конференции и тоа трошоци за авиобилети и за хотелско сместување и дневници за службен пат. Трошоците за меѓународна соработка, што претставуваат членување во меѓународни здруженија, се зголемени за 13,9% во однос на минатата година. Трошоците за службен пат во странство, во кои влегуваат трошоци за авио билети и трошоци по патна сметка во 2018 година изнесуваат 154.118,00 денари. Дел од овие трошоци се покриени со донации од организаторот како дел од проектната активност.

Во текот на 2018 година се набавени основни средства во износ од 568.200,00 денари. Трошоците за набавка на основни средстав се однесуваат на набавка на техничка опрема и мебел(столици) за потребите на стручната служба ЗЕЛС.

Во 2018 година ЗЕЛС плати троцоци по Пресуда на Апелациониот суд Скопје, во износ од 376.725,00 денари. Главниот долг по пресудата изнесува 187.631,00 денари, а претставува износ на гаранција која Зелс ја активираше, заради ненавремено извршување на договорените активности за реновирање на Зелс тренинг центарот во 2012 година, од страна на изведувачот на работите Алконпроект Дооел Скопје.

**Вработени и бруто плати**

Според состојбата на крајот на месецот, просечниот месечен број на вработени во ЗЕЛС во 2018 година, изнесува 16 лица.

Во анализираниот период вкупниот износ на бруто плати на вработените, надоместоци и други лични примања, изнесува 9.994.991,00 денари. Од овој износ 623.256,00 денари или 6,4% се обезбедени од средствата добиени за реализирање на проектните активности и тоа:

| | |
|---|---|
| НАЛАС | 3,8% |
| Проект UN Women | 2,2% |
| ГИЗ ОРФ СЕЕ ЕЕ –Одржлива урбана мобилност | 0,4% |

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2018 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2018 година | Реализирано во 2018 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 7,579,680.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 16,169,760.00 | 17,550,463.00 | 108.54 |
| Приходи од донации | 1,225,200.00 | 2,112,022.00 | 172.38 |
| Приходи од извршени услуги | 330,360.00 | 3,070,906.00 | 929.56 |
| Приходи од камата, курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 95,000.00 | 401,966.00 | 423.12 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **25,400,000.00** | **23,135,357.00** | **91.08** |
| РАСХОДИ | Планирано во 2018 година | Реализирано во 2018 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 410,000.00 | 245,993.00 | 60.00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,010,000.00 | 888,952.00 | 88.02 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 910,000.00 | 907,736.00 | 99.75 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 5,292,000.00 | 4,076,302.00 | 77.03 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1,255,000.00 | 865,473.00 | 68.96 |
| Услуги за превоз | 370,000.00 | 53,375.00 | 14.43 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 80,000.00 | 6,963.00 | 8.70 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 151,000.00 | 172,259.00 | 114.08 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,550,000.00 | 1,329,554.00 | 85.78 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 290,000.00 | 130,336.00 | 44.94 |
| Банкарски трошоци | 60,000.00 | 36,818.00 | 61.36 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 1,372,000.00 | 431,733.00 | 31.47 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина - котизација) | 560,000.00 | 544,661.00 | 97.26 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќењање, патни сметки , авио билети) | 410,000.00 | 154,118.00 | 37.59 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 10,540,000.00 | 9,994,991.00 | 94.83 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 1,140,000.00 | 568,200.00 | 49.84 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, трошоци по пресуда | 0.00 | 422,031.00 | 0.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25,400,000.00** | **20,829,495.00** | **82.01** |

РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2017 И 2018 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2017 година | Реализирано во 2018 година | % |
|---|---|---|---|
| Приходи од членарина | 6,831,815.00 | 9,347,130.00 | 136.82 |
| Приходи од донации | 2,151,650.00 | 2,112,022.00 | 98.16 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 4,141,068.00 | 3,070,906.00 | 74.16 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 3,110,185.00 | 8,203,333.00 | 263.76 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 197,433.00 | 401,966.00 | 203.60 |
| Вкупно | **16,432,151.00** | **23,135,357.00** | 140.79 |
| РАСХОДИ | Реализирано 2017 година | Реализирано 2018 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 121,971.00 | 245,993.00 | 201.68 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 900,282.00 | 888,952.00 | 98.74 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 842,540.00 | 907,736.00 | 107.74 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 2,498,590.00 | 4,076,302.00 | 163.14 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 338,360.00 | 865,473.00 | 255.78 |
| Услуги за превоз | 37,672.00 | 53,375.00 | 141.68 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) и реклама | 3,144.00 | 6,963.00 | 221.47 |
| Трошоци за службени весници, огласи и објави | 121,463.00 | 172,259.00 | 141.82 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции, семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 280,880.00 | 1,329,554.00 | 473.35 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 173,595.00 | 130,336.00 | 75.08 |
| Банкарски трошоци | 27,991.00 | 36,818.00 | 131.54 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 278,796.00 | 431,733.00 | 154.86 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизацијз) | 478,099.00 | 544,661.00 | 113.92 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 65,475.00 | 154,118.00 | 235.38 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 8,849,731.00 | 9,994,991.00 | 112.94 |
| Набавка на опрема , опрема за ИКТ , софтверски апликации | 118,345.00 | 568,200.00 | 480.12 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, трошоци по пресуда | 574,182.00 | 422,031.00 | 73.50 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **15,711,116.00** | **20,829,495.00** | 132.58 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **721,035.00** | **2,305,862.00** | |

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ПО ГОДИНИ ВО ПЕРИОД 2014-2018 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2014 година | Реализирано во 2015 година | Реализирано во 2016 година | Реализирано во 2017 година | Реализирано во 2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 502,178.00 | 195,770.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина од тековна година | 6,845,358.00 | 8,457,115.00 | 7,444,650.00 | 6,831,815.00 | 9,347,130.00 |
| Приходи од донации | 19,565,076.00 | 16,352,598.00 | 5,152,348.00 | 2,151,650.00 | 2,112,022.00 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 417,335.00 | 1,621,159.00 | 3,427,401.00 | 4,141,068.00 | 3,070,906.00 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 3,945,589.00 | 10,040,820.00 | 9,369,221.00 | 3,110,185.00 | 8,203,333.00 |
| Финансиски приходи (приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба) | 804,186.00 | 769,627.00 | 488,339.00 | 197,433.00 | 401,966.00 |
| Вкупно | **32,079,722.00** | **37,437,089.00** | **25,881,959.00** | **16,432,151.00** | **23,135,357.00** |
| РАСХОДИ | Реализирано во 2014 година | Реализирано во 2015 година | Реализирано во 2016 година | Реализирано во 2017 година | Реализирано во 2018 година |
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 352,334.00 | 213,383.00 | 203,472.00 | 121,971.00 | 245,993.00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода, друго) | 1,141,725.00 | 1,105,249.00 | 1,052,430.00 | 900,282.00 | 888,952.00 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 1,872,512.00 | 959,378.00 | 771,366.00 | 842,540.00 | 907,736.00 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 329,942.00 | 2,839,120.00 | 2,077,735.00 | 2,498,590.00 | 4,076,302.00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 781,793.00 | 612,926.00 | 742,181.00 | 338,360.00 | 865,473.00 |
| Услуги за превоз | 104,293.00 | 201,266.00 | 129,660.00 | 37,672.00 | 53,375.00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 84,517.00 | 55,050.00 | 98,525.00 | 3,144.00 | 6,963.00 |
| Трошоци за наем на простор и опрема (од 2010 трошоци за канцеларија во Брисел ) | 724,341.00 | 116,467.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 190,820.00 | 221,073.00 | 194,484.00 | 121,463.00 | 172,259.00 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување, опрема и храна) | 1,344,737.00 | 2,003,483.00 | 1,136,211.00 | 280,880.00 | 1,329,554.00 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 148,491.00 | 308,217.00 | 174,842.00 | 173,595.00 | 130,336.00 |
| Банкарски трошоци | 67,688.00 | 57,106.00 | 50,125.00 | 27,991.00 | 36,818.00 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотатски услуги) | 476,623.00 | 506,620.00 | 652,872.00 | 278,796.00 | 431,733.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 294,723.00 | 377,149.00 | 416,719.00 | 478,099.00 | 544,661.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 710,944.00 | 883,364.00 | 404,292.00 | 65,475.00 | 154,118.00 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 10,430,265.00 | 11,021,604.00 | 10,448,028.00 | 8,849,731.00 | 9,994,991.00 |
| Набавка на опрема , опрема за симултан превод, ИКТ опрема , софтверски апликации, мебел | 4,532,929.00 | 1,198,350.00 | 470,122.00 | 118,345.00 | 568,200.00 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси | 46,440.00 | 1,244,357.00 | 252,669.00 | 574,182.00 | 45,306.00 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години,вратени средства од проект, трошоци по пресуда | 142,096.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 376,725.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **23,777,213.00** | **23,924,162.00** | **19,275,733.00** | **15,711,116.00** | **20,829,495.00** |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **8,302,509.00** | **13,512,927.00** | **6,606,226.00** | **721,035.00** | **2,305,862.00** |

**Скопје, март 2019 година**